


# ДЕТЕКТИРАЈТЕ НАВРЕМЕ

## КАРЦИНОМ НА БЕЛИ ДРОБОВИ

Карциномот на белите дробови е многу подмолна болест и еден од најчестите карциноми кои се јавуваат кај машката популација. Оваа болест може долго време да се крие зад воспаленијата или кашлиците на кои не им придаваме големо значење. Само раното дијагностицирање дава можност за излекување од ова болест, која сè повеќе зема замав, вели д-р Оливер Јовковски, пулмоалерголог во Клиничката болница „Аџибадем Систина“.

### КОЈ ТРЕБА ДА НАПРАВИ СКРИНИНГ?

Активните пушачи, но и луѓето кои се откажале од оваа лоша навика се со зголемен ризик за појава на карцином на бели дробови. Најновите истражувањата покажуваат дека луѓето кои се со висок ризик може да ги намалат шансите за смртност за 20% ако направат компјутерска томографија со ниска доза зрачење на бели дробови. Овој вид карцином почнува тивко и без предупредувања, па ако се открие во подоцнежен стадиум можноста за излекување се намалува. Сепак, оваа болест не е неизлечлива и смртоносна ако се открие на време. Најважни методи за навремено дијагностицирање се компјутерската томографија, рендген-снимката на градниот кош и бронхоскопијата. Рендгенската снимка е првиот чекор кон поставување на дијагнозата, а бронхоскопијата е неопходна метода за поставување конечната дијагноза според која би се одредил стадиумот и начинот за лекување на болеста. Бронхоскопијата е ендоскопска метода, при што со помош на специјално и многу тенко цевче се стигнува директно до белите дробови, се зема примерок од сомнителното ткиво, а потоа со помош на посебни анализи се утврдува за каков тип заболување станува збор. Во некои земји воведени се годишни скрининзи за карцином на белите дробови кај луѓето на возраст од 55 до 80 години, кои пушат подолг период од 15 години.

### КАЖЕТЕ СТОП НА ПУШЕЊЕТО!

Најдобро нешто што можете да го направите за себе и за своето здравје е да се откажете од пушењето. Оние кои долго и со години пушат цигари треба да се свесни дека токму тоа е главната причина за ова опасно заболување. Цигарите се преполни со хемиски супстанци и, освен што предизвикуваат карцином, го оштетуваат и одбранбениот систем на белите дробови. Дишните патишта се обложени со мали ситни влакненца кои нè штитат од токсини, бактерии и вируси. Чадот од цигарите ги оштетува влакненцата и тие не ја вршат својата работа. Карциномот почнува тивко, без одредени предупредувачки симптоми. Како што стадиумот на болеста напредува така се појавуваат и симптомите - долги и хронични кашлици, болки во градите, особено за време на вдишувањето, искашлување крв и замор.

### ВИДОВИ КАРЦИНОМ НА БЕЛИ ДРОБОВИ

Постојат повеќе видови карциноми на белите дробови и затоа многу е важно да се одреди точниот тип на карциномот. Можноста за оперативен зафат зависи од зафатеноста на лимфните јазли и зафатеноста на околните ткива и органи.

### ТРЕТМАН

Со рано откривање на карциномот на бели дробови најефикасен третман е хируршката интервенција, по која следи хемотерапија. Ако пациентот се дијагностицира во подоцнежен стадиум се препорачува зрачна терапија, хемотерапија или комбинирана терапија.

Зрачната терапија во Клиничката болница „Аџибадем Систина“ се изведува со акцелераторот TRILOGY, кој овозможува прецизен третман на карциномот на бели дробови со користење на IGRT. Пред и во текот на третманот се снима туморот со цел прецизно да се одреди неговата положба. Ова е многу важно бидејќи при дишењето се менува неговата положба. На овој начин се следи туморот во текот на третманот, се зрачи во високи дози, а во исто време е максимално заштитено околното ткиво и другите витални органи како срцето. Кај овие пациенти важно е подоцнежното следење и редовните контроли.

call center
02 3099 500
www.acibademsistina.mk